Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

29/2/2024

Архивски број: 02-120/5

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“ бр. 129/2023), Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, на седницата одржана на ден 29.2.2024 година, донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
## на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

### Член 1

(1) Со етичкиот кодекс на Академијата за судии и јавни обвинители недвосмислено и јасно се изразуваат вредностите и начелата што треба да ги водат во нивната секојдневна работа и при вршење на нивните надлежности членовите на телата и на комисиите на Академијата, директорот и заменикот на директорот, предавачите, менторите, координаторите, слушателите на почетна обука, кандидатите за идни судии и јавни обвинители, учесниците на континуираната обука и вработените во Академијата.

(2) Етичкиот кодекс се стреми кон јакнење на јавната доверба и подобро разбирање на улогата и мисијата на Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на правосудниот систем на Република Северна Македонија.

(3) Афирмацијата на начелата на етичкото однесување се остварува преку независноста, непристрасноста, интегритетот, компетентноста, транспарентноста, одговорноста, како и преку еднаквоста и недискриминаторскиот пристап што им се делегирани на субјектите од ставот 1 на овој член. Преку постојана примена на овие вредности, се поставуваат високи етички критериуми, спрема кои субјектите од ставот 1 на овој член се должни да се приспособуваат, да се придржуваат и да ги исполнуваат.


Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. „Јане Сандански“ бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

(4) Насоките содржани во овој Кодекс претставуваат надополнување на постојните законски и подзаконски правила на однесување и работа, преку чија примена се остварува начелото на законитост.

## I ЧЛЕНОВИ/ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИ И КОМИСИИ НА АКАДЕМИЈАТА

### Член 2

(1) Судиите, јавните обвинители и другите лица наведени во член 2 став 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ“ број 129/2023), кои се назначени за членови, заменици на членови во органите и во комисиите на Академијата, се должни да ги чуваат за себе и под ниеден услов да не ги оддаваат информациите со кои се во допир, а се однесуваат на планирани идни дејства на Академијата, а особено сознанија во однос на приемниот процес на кандидати за слушатели.
(2) Судиите, јавните обвинители и другите лица наведени во став 1 на овој член што се назначени за членови, заменици на членови во органите и во комисиите на Академијата, се должни при работата во телото во кое членуваат да работат, да гласаат и да учествуваат во работата исклучиво по свое убедување во согласност со етичките, моралните и правните начела.
(3) Лицата од став 1 на овој член се должни при настанатата состојба на судир на интереси, веднаш да ја пријават и да побараат нивно изземање од конкретниот процес на одлучување или од нивното членство во тоа тело.
(4) Лицата од став 1 на овој член во својата слобода на говорот мора да се воздржуваат од јавно изразување оцени, мислења и стојалишта што во јавноста може да предизвикаат сомневање во нивната непристрасност, независност и објективност во извршувањето на функцијата, пред тие ставови да се споделат или да се разрешат во рамките на телата во Академијата.
(5) Лицата од став 1 на овој член треба да се однесуваат достоинствено. Тоа вклучува и обврска за почитување државна, службена или деловна тајна и обврска да задржат за себе сè што дознале поврзано со работата на

Академијата или со лицата вклучени во процесите што Академијата ги спроведува, освен ако тоа не би претставувало кривично дело.

(6) Лицата од став 1 на овој член треба да работат со отсуство на арбитрарност при одлучувањето.

## II ДИРЕКТОР/ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОР

### Член 3

(1) Директорот е независен во својата работа. Одлуките што ги донесува и насоките што ги дава во секојдневното работење, треба да се засноваат исклучиво на сопствени убедувања и знаења, а во согласност со закон. Независноста и непристрасноста упатуваат на ослободеност од надворешни и од внатрешни притисоци. Надворешната независност подразбира постоење гаранции против неоправдано надворешно влијание во одлучувањето при вршењето на функцијата директор. Внатрешната независност, пак, опфаќа независност од другите внатрешно инкорпорирани субјекти поврзани со Академијата. Почитувањето на начелото на независност ја зајакнува довербата на јавноста и вербата во институциите. Почитувањето на начелото на непристрасност го обврзува директорот своите одлуки да ги донесува исклучиво врз база на објективни потреби/докази/аргументи.

(2) Директорот е обврзан на доследно почитување на Уставот, конвенциите, законите, подзаконските акти, како и на востановените добри практики при организацијата на работата и донесувањето одлуки.

(3) Директорот е должен да се грижи за заштита на личноста и на интегритетот на слушателите на почетна обука, преку обезбедување еднаквост и недискриминација. Директорот е должен при селекцијата на предавачи, ментори, координатори како и при определувањето претставници за студиски посети, меѓународни конференции и слично, да води сметка за обезбедување еднаквост, недискриминација, компетентност, транспарентност и сензибилизираност кон родовиот пристап.


Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. „Јане Сандански“ бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

(4) Транспарентноста на институцијата, добриот углед на институцијата во јавноста, како и професионалното однесување на директорот и надвор од работното место се едни од основните начела кон кои треба да се придржува и постојано да се надградуваат.
(5) Директорот има појдовно гледиште дека напредокот на институцијата започнува од него како иницијатор за унапредување на работата во Академијата. Се придржува на начелото на професионализам, ставајќи ги интересите на Академијата односно нејзината мисија и визија пред сите други интереси.
(6) Директорот гради култура на доверба и заемно почитување со субјектите од член 1 став 1 на овој Кодекс.
(7) Сите горенаведени норми се однесуваат и на заменикот на директорот во случаите кога директорот ќе му довери извршување конкретни задачи.
(8) Директорот и заменикот на директорот се должни помеѓу себе да градат однос на доверба и меѓусебно почитување. Директорот и заменикот на директорот се должни да се однесуваат со почит кон вработените. Директорот и заменикот на директорот треба да внимаваат во поставувањето содржини на социјалните мрежи и да ги исклучат политичките содржини и активности.

## III ПРЕДАВАЧИ

### Член 4

(1) Предавачите се должни да ги почитуваат сите однапред договорени правила што се однесуваат на нивниот ангажман во Академијата. Освен утврдените обврски во Законот и во подзаконските акти на Академијата, предавачите се должни да се потрудат да понудат максимално теоретско и практично знаење за слушателите на обуките, да се трудат да ја издигнат обуката на максимално ниво на квалитет, да поттикнуваат дискусии и да покажат подготвеност за појаснување на сите евентуално настанати дилеми околу одредено прашање.


Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. „Јане Сандански“ бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

(2) Предавачите подготвувачи и верификатори на прашања и студии на случаи се обврзани во никој случај да не ги оддадат прашањата што ги подготвиле за потребите на сите испитни процеси во Академијата.
(3) Тие се должни при настаната состојба на судир на интереси, веднаш да го пријават и да побараат нивно изземање од конкретниот процес.
(4) Тие треба да се однесуваат со внимание, достоинствено и непристрасно. Тоа вклучува и обврска за почитување државна, службена или деловна тајна и обврска да задржат за себе сè што дознале поврзано со работата на Академијата или со лицата вклучени во процесите што Академијата ги спроведува, освен ако тоа не би претставувало кривично дело.
(5) Предавачите се должни да се однесуваат во согласност со утврдените правила и обврски во Правилникот за континуирана обука на Академијата и во Правилникот за теоретска настава во почетната обука.

## IV КООРДИНАТОРИ И МЕНТОРИ

### Член 5

(1) Координаторите и менторите се должни да ги почитуваат сите однапред договорени правила што се однесуваат на нивниот ангажман во Академијата. Освен утврдените обврски во Законот и подзаконските акти на Академијата, координаторите и менторите се должни да се потрудат да понудат максимално теоретско и практично знаење за слушателите, да се трудат да ја издигнат обуката на слушателите на максимално ниво на квалитет и да покажат подготвеност за појаснување на сите евентуално настанати дилеми околу одредено прашање.
(2) Менторите и координаторите се должни при настаната состојба на судир на интереси, веднаш да го пријават и да побараат нивно изземање од конкретниот процес.
(3) Тие треба да се однесуваат со внимание и достоинствено. Тоа вклучува и обврска за почитување државна, службена или деловна тајна и обврска да задржат за себе сè што дознале поврзано со работата на Академијата или со

лицата вклучени во процесите што Академијата ги спроведува, освен ако тоа не би претставувало кривично дело.

(4) Менторите се должни да се однесуваат во согласност со утврдените правила и обврски во Правилникот за практична настава во почетната обука и во Правилникот за практицирање на судиската и на јавнообвинителската функција на Академијата, додека координаторите во согласност со утврдените правила и обврски во Правилникот за практична настава.

## V СЛУШАТЕЛИ НА ПОЧЕТНА ОБУКА/КАНДИДАТИ ЗА ИДНИ СУДИИ/ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

### Член 6

(1) Слушателите на почетна обука и кандидатите за идни судии и јавни обвинители се должни да бидат редовни на работното место и да го почитуваат работното време на Академијата и на судовите/обвинителствата и на сите други институции каде што се изведува практичната настава односно практицирањето.

(2) Слушателите на почетна обука и кандидатите за идни судии и јавни обвинители треба да се одликуваат со чесност и трудољубивост во процесот на учење. Најважно во текот на практичната настава односно при практицирањето е слушателите да се стекнат со што е можно поголемо знаење, практично искуство и вештини, па затоа овој дел од почетната обука треба да биде можност за нивно сериозно и активно ангажирање во овој процес и покажување соодветен ентузијазам.

(3) Тие се одраз на угледот на АСЈО кон јавноста, па затоа треба да настапуваат со разумна внимателност, да имаат респектабилно, дискретно и достоинствено однесување, да се лојални кон АСЈО како институција во која се стекнуваат со својата стручна наобразба, да имаат почит кон колегите и да ги прифаќаат новите иновативни концепти во примената на правото (родова сензибилизираност, свест за посебните потреби на определени групи лица во постапките какви што се децата и лицата со посебни потреби и слично).


Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. „Јане Сандански“ бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

(4) Треба да постои свест дека слушателите на почетна обука и кандидатите за идни судии и јавни обвинители при процесот на нивната едукација во Академијата, но и потоа, не се претставуваат единствено себеси како личности, туку тие се одраз и ја претставуваат и институцијата во која актуелно се во работен однос, но и пошироко – правосудниот систем од кој ќе бидат дел и за кој треба да постои заложба да не биде цел на критики во иднина. Од таа причина, обврска на слушателите на почетна обука и на кандидатите за идни судии и јавни обвинители е да внимаваат на однесувањето и на впечатокот што го изразуваат во јавноста, на своите коментари и разговори. Особено внимание да се обрне на поставувањето содржини на социјалните мрежи и да се исклучат политички содржини и активности. Разговорите за предметите со кои се во секојдневен допир треба да бидат исклучени надвор од работното место. Слушателите на почетна обука и кандидатите за идни судии и јавни обвинители треба во секој момент да размислуваат дали со одредено постапување би ја нарушиле довербата на јавноста во правосудниот систем.

(5) Слушателите на почетна обука и кандидатите за идни судии и јавни обвинители треба да се воздржат од неконтролирано или навредливо однесување. Слушателите на почетна обука и кандидатите за идни судии и јавни обвинители треба да покажат разумна внимателност за да не се подрие дигнитетот на Академијата и на правосудството, да ги прифатат новите концепти во примената на правото (родово, заштита на правата на детето, на специфичните потреби на лицата во постапките). Тие треба да се однесуваат дискретно и достоинствено, со почит кон колегите особено со повозрасните колеги и да ја покажат својата способност за сослушување.

(6) Најстрого е забрането внесување, употребување или работа под дејство на алкохол или наркотични средства.

(7) Слушателите на почетна обука и кандидатите за идни судии и јавни обвинители посветуваат внимание на изгледот и на начинот на облекување за да не предизвикаат впечаток на непристојност и нарушување на угледот на институцијата. Формалниот начин на облекување ја изразува нивната почит кон институцијата, колегите, соработниците и настаните во организација на


Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. „Јане Сандански“ бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Академијата, а особено имајќи ја предвид развиената меѓународна соработка на Академијата.

## VI УЧЕСНИЦИ НА КОНТИНУИРАНАТА ОБУКА

### Член 7

(1) Учесниците на обуките се должни да ги почитуваат правилата за пријавување и присуство на обуките на Академијата. Должни се да го почитуваат трудот на вработените за организација на обуките и откажувањето на присуството од обука да го сведат на минимум.

(2) За време на обуката, учесниците на обуките се должни да присуствуваат на целото времетраење на обуката, да не користат електронски уреди додека трае предавањето и дискусијата, како и да не излегуваат од местото на одржување на обуката сè додека не заврши. Должни се да ги почитуваат правилата на Академијата во однос на времето на доставување список за евиденција на присуство.

(3) На обуките што се одржуваат електронски, учесниците се должни да бидат реално присутни и активни, на идентичен начин како кога обуката би се спроведувала со физичко присуство.

(4) При водењето дискусии за време на обуките, учесниците се должни да ги почитуваат колегите, да бидат парламентарни и да го сослушаат нивното излагање.

## VII ВРАБОТЕНИ

### Член 8

(1) Вработените во Академијата се должни да ги почитуваат сите закони, подзаконски акти и други прописи со кои се регулира нивниот работен однос и етички обврски како административни службеници.

(2) Вработените во Академијата се должни при работата да постапуваат низ призмата за доброто на институцијата и нејзиниот углед. Должни се кон


Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. „Јане Сандански“ бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

субјектите со кои соработуваат да постапуваат со љубезност и сервисна ориентираност. При добивање одредено барање од странка, вработените се должни љубезно да упатат, да одговорат на барањето како би се стекнал впечаток на брза и квалитетна услуга од страна на барателот на услугата.

(3) Вработените се должни да внимаваат на однесувањето и на впечатокот што го изразуваат во јавноста, особено внимание да се обрне на поставувањето содржини на социјалните мрежи и исклучувањето политички содржини и активности.

(4) Вработените се должни да се почитуваат меѓу себе, директорот и заменикот на директорот, сите субјекти со кои соработуваат и да го негуваат духот на колегијалноста.

(5) Вработените во односот со колегите, со директорот и со заменикот на директорот и со сите субјекти со кои соработуваат, треба да се однесуваат со уважување на различностите, солидарност и соработка.

(6) Во случаите кога вработените се назначени да работат со органите и со телата на Академијата, должни се да ги чуваат за себе и под ниеден услов да не ги оддаваат информациите со кои се во допир а се однесуваат на планирани идни дејства на Академијата, а особено сознанија во однос на приемниот процес на кандидати за слушатели. Сите вработени имаат обврска за почитување државна, службена или деловна тајна и обврска да задржат за себе сѐ што дознале поврзано со работата на Академијата или со лицата вклучени во процесите што Академијата ги спроведува, освен ако тоа не би претставувало кривично дело.

(7) Вработениот кон ресурсите што му се дадени на користење, како и во вршењето на работата, се однесува економично и ефикасно, користејќи ги исклучиво за службени потреби.

(8) Вработениот посветува внимание на изгледот и на начинот на облекување за да не предизвика впечаток на непристојност и нарушување на угледот на институцијата. Формалниот начин на облекување ја изразува неговата почит кон институцијата, колегите, соработниците и настаните во организација на Академијата, а особено имајќи ја предвид развиената меѓународна соработка на Академијата .

(9) Најстрого е забрането внесување, употребување или работа под дејство на алкохол или наркотични средства.

## VIII ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

### Член 9

(1) Академијата за судии и јавни обвинители е единствено овластена да дава известувања во однос на процесите што се одвиваат во институцијата, особено во делот на почетната обука. Ниту еден субјект на кој било начин инволвиран во работата на Академијата не е овластен да дава известувања и информации околу планирани активности на Академијата.
(2) Субјектите од член 1 став 1 на овој Кодекс се должни да го почитуваат и да го чуваат достоинството на Академијата, како и своето лично достоинство. Тие не смеат да ги коментираат донесените одлуки или дејства што се очекува да бидат преземени или тоа како Академијата треба да постапува во одредена ситуација.
(3) Субјектите од член 1 став 1 на овој Кодекс се должни да одбијат примање подароци и услуги понудени како награда за вршење недозволено дејство.

## IX НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

### Член 10

(1) Директорот на Академијата за судии и јавни обвинители, од редот на вработените во Академијата, назначува лице за интегритет што врши советодавна дејност по однос на етичките дилеми кај субјектите од член 1 став 1 на овој Кодекс.
(2) Лицето за интегритет од ставот 1 на овој член може на барање на субјектите од член 1 став 1 на овој Кодекс да даде мислење и совет за усогласеноста на одредено однесување со Кодексот.


Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. „Јане Сандански“ бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

(3) Доколку и кај лицето за интегритет постои дилема по однос на усогласеноста на одредено поведение со одредбите од овој Кодекс, истото може да се обрати до Управниот одбор на Академијата, кој како највисоко колективно тело ќе заземе став за конкретното прашање, по што ќе биде пренесен до лицето барател на мислењето.

(4) Мислењата и советите од лицето за интегритет имаат превентивно и советодавно значење. Тие укажуваат на поведенијата што би можеле да претставуваат повреда на одредбите на Кодексот.

(5) Барањата за мислења и совети доставени до лицето за интегритет како и фактите и околностите изнесени во нив, се доверливи.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор
Судија Беким Мехмеди


Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. „Јане Сандански“ бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk